Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НП како НПМ) на 29.04.2013 година спроведе посета на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија-Скопје.

НПМ спроведе ***редовна ненајавена посета*** на Клиниката за психијатрија, во рамки на мандатот и надлежностите кои произлегуваат од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување и Законот за народниот правобранител. Целта на посетата согласно Факултативниот протокол е идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, преку увид во материјалните услови во јавната здравствена установа, постапувањето со пациентите, остварувањето на правата загарантирани со Законот за ментално здравје, Законот за заштита на правата на пациентите и други правни акти, како и водењето на евиденциите во врска со оваа категорија на лица. Посетата беше реализирана од Народниот правобранител-Национален превентивен механизам во придружба на надворешен соработник лекар-психијатар врз основа на претходно потпишан Меморандум за соработка со Здружението на психијатри на РМ.

Посетата на клиниката за психијатрија се спроведе во неколку чекори. Тимот на Националниот превентивен механизам на почетокот од посетата оствари средба со главната сестра на клиниката, а потоа спроведе увид на сместувачките капацитети во сите оддели на клиниката, надворешниот соработник лекар-психијатар оствари разговор со лекарите-психијатри одговорни за секое одделение. НПМ заедно со надворешниот соработник спроведе и разговор со неколку пациенти сместени во Одделот за детска и адолесцентна психијатрија, Одделот за невротски и психосоматски пореметувања, Одделот за биолошка психијатрија и дневната болница.

На крајот од посетата НПМ тимот ги даде своите првични согледувања и укажувања на главната сестра на Клиниката. При давањето на првичните согледувања беше потенцирано дека НПМ ќе изготви посебен извештај за посетата на ЈЗУ Клиника за психијатрија „Скопје" во кој ќе се внесат констатираните состојби, информациите добиени од лицата сместени во клиниката, како и од вработените и ќе даде препораки за понатамошно постапување. Целосната посета на Клиниката за психијатрија се реализираше во соработка со управата и службите, при што НПМ тимот имаше непречен увид во сите одделенија каде се сместени пациентите, а оствари и непречен разговор со дел од нив.

НПМ во разговор со пациентите не доби поплаки за тортура и сурово постапување, а односот на персоналот во најголем дел беше оценет како коректен, најголемиот број на пациентите со кои НПМ тимот спроведе разговор беа задоволни и од исхраната, но

имаше и дел кои не беа задоволни од квалитетот на храната која ја добиваат на клиниката.

НПМ тимот од добиените информации од пациентите утврди дека недоволно се запознаени со куќниот ред на клиниката. НПМ смета дека пожелно е куќниот ред да биде поставено на видно место во делот на ходникот, со што пациентите соодветно ќе бидат информирани за нивните права во врска со сместувањето и лекувањето во оваа установа. НПМ при увидот во куќниот ред, каде се бара задолжително со придружник да се испуштаат пациентите од клиниката , односно без придружник да не може да се врши исписот, констатираше и смета дека на ваков начин се загрозува доброволноста на лекувањето како и правото на доверливост кое е уредено во Законот за заштита на правата на пациентите.

НПМ утврди дека пациентите за време на посетата беа облечени во дневна сопствена облека и не носеа пижами - на тој начин се почитува достоинството при престојот во клиничката установа. Во сите оддели беше истакнато дека пациентите се тушираат одвоено, редовно и по потреба, а беше посочено дека постојано има топла вода.

НПМ при посетата утврди дека окупационата терапија е водена од страна на социјален работник и медицински сестри. Таа се одвива по однапред одредена програма и распоред еднаш во неделата на секој оддел. За целите на окупационата терапија се користи Дневниот престој на секој Оддел. Во Дневната болница постои посебна просторија за окупациона терапија и други групни средби.

Во оваа установа се применува посебен протокол со кој е разработена политиката и правилата за преземање мерки за физичкото ограничување (фиксација), а истата е сведена на минимум при што вработените настојуваат да ги смират пациентите преку разговор и убедување.

Пациентите од различен пол во клиниката се сместуваат во одвоени простории, при што беше утврдено дека за секој пациент има посебно легло (кревет),а условите во сите одделенија ги исполнуваат посакуваните меѓународни стандарди.

Во образецот /согласноста за доброволно лекување стои дека пациентот прифаќа и се согласува на “доброволно напуштање на болницата само откако го известил и добил одобрение од својот лекар.” НПМ смета дека согласноста за доброволно лекување треба да се усогласи со Законот за заштита на правата на пациентите, кој предвидува процедура за самоволно напуштање на здравствена установа без најава

Како резултат на реализираната посета Народниот правобранител како Национален превентивен механизам подготви посебен извештај во кој ги констатираше позитивните и негативните состојби и даде соодветни препораки упатени до Министерството за здравство и до управата на Клиниката за психијатрија- Скопје со цел отстранување на идентификуваните недостатоци.